UDC ?????????????

# Поимот идентитет виден низ македонските печатени медиуми

Биљана Рајчинова-Николова
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

*Апстракт:* **Поимот идентитет е чадор термин, кој во различни контексти и дискурси добива различно значење. Мотив за изработка на овој труд е желбата да се истражи конструирањето, содржината и значењето на поимот идентитет во конкретен географски простор(Република Македонија) и конкретен медиум – македонските печатени медиуми. Врската помеѓу процесите на конструирањето идентитет и дејствувањето на медиумите е доста цврста, а во тие процеси медиумите имаат одлучувачка улога. Оттука, во истражувањето, главна(општа) хипотеза од која се тргнува е следнава: променливоста, нестабилноста, фрагментираноста и пластичноста се темелни одредници на поимот идентитет, а медиумите се алатки за негова конструкција и времено стабилизирање. Основната цел (на ова истражување) е да се истражи како преку медиумите може/неможе да се конструира идентитетот, и да се дефинира а со тоа привремено да се стабилизира неговата содржина и значење. Истражувањето, ќе се базира на општите научни методи анализа(квантитативната анализа и квалитативната/дискурзивната анализа), синтеза, индукција и дедукцијата. Можност за реализација на поставената цел е да се проследат националните дневни печатени медиуми *Дневник* и *Нова Македонија*, како највлијателни медиуми во Македонија. Критериум за одбирот на весниците во кои ќе се спроведе истражувањето е нивото на нивното влијание врз јавното мислење во Република Македонија.**

*Клучни зборови*: **идентитет, концепти на идентитет, медиуми, печатени медиуми, весникот *Дневник,* весникот *Нова Македонија.***

## Поимот идентитет

Поимот идентитет е еден од најексплоатираните и најактуелните поими во денешно време во општествената, политичката, културната и медиумската комуникација. Ги подгрева националните страсти, го подрива адреналинот во јавноста и претставува заповед на општествената – културно историска свест и важно, општествено, политичко и егзистенцијално прашање. Ја изразува целината на историската мисија на нашето опстојување, во кое сите ние сме инволвирани со раѓањето преку писменоста, сопствениот автохтон збор и израз, литературата, творечкиот дух, инспирацијата, информирањето. Има длабоки историски корени, кои досегаат дури до крајот на 19 и почетокот на 20 век, кога главно се создаваа нациите и националностите во Европа.

Поимот идентитет, во најопшта смисла подразбира зафаќање со вистински предизвикувачки, сложени и тешко разрешливи и ризични прашања. Да се постави прашањето за поимот идентитет (особено на Балканот/Република Македонија), значи разгорување на националните, верските и идеолошките припадности на еден човек, народ и култура. Кога некој сака да го дефинира сопствениот идентитет, прво посегнува по својата национална или верска припадност, дефинирање кое во праксата се покажало како сосема неоправдано. Овие обележја не секогаш се единствени и најважни, зашто идентитетот претпочита повеќе од националното и религиозното обележје. Во него се инкорпорираат културните, историските, половите, расните, интелектуалните, социолошките обележја кои прават тој да се разликува од нему сличните, но и од Другите. Секоја од овие припадности, подлежат на хиерархија која зависи од времето и просторот, односно од контекстот кој ја модифицува. Некогаш на преден план избива културното обележје, друг пат националното или половото, итн. Во сите епохи ќе се најдат луѓе кои сметаат дека имаат една главна припадност, за едни тоа е нацијата, за други религијата или класата.

Инсистирањето на чист идентитет(кој само е идеолошки привид), покажува склоност кон минатото, обопштувања, потчинување на различниот и Другиот, агресивност и милитарност. Колку и да се одбива да се признае нотoрниот факт, дека во секоја култура нема наслојки и од други култури, треба да се признае дека не постојат чисти идентитети, поткрепено со тезата на Глисан(Glissan), дека: „целиот свет се креолизира". Според него постојат две различни култури – атавични и хетерогени култури. Атавичните култури се креолизирале многу одамна, а денес се насочени да го бранат, статусот на нивниот идентитет како единствен корен. Станува збор за смртоносната замисла, ширена од европските народи и западните култури во светот, дека секој идентитет е идентитет со единствен корен, кој исклучува било каков друг. Оваа визија се спротиставува на денешното сфаќање за хетерогените култури(кои се креолизирале од неодамна) и за идентитетот како резултат на креолизацијата"(Глисан, цитиран според Нери, кај Њиши, 2001: 275), кој веќе не е со единствен корен, туку корен кој се среќава со други корени.

## Концепти на идентитет

При дефинирањето на концептот на идентитетот, постојат две различни парадигми. Првата парадигма смета дека идентитетот е нешто дадено, фиксно и непроменливо, тоа е есенцијалистичкиот/модернистичкиот концепт на идентитет, додека пак втората парадигма смета дека иденти-тетот е нешто што активно се гради, менува и трансформира, тоа е антиесенцијалистичкиот/постмодернистичкиот концепт на идентитет.

Есенцијалистичкиот/модернистичкиот концепт на идентитетот, реферира на идентитет со еден единствен корен и се засновува на митот за заедничко потекло на крвта и земјата, со што се присвојува правото на Другиот да се чувствува како Друг и како различен од нив Другиот е укинат, што е одлика на тоталитарните идеологии.

Антиесенцијалистичкиот/постмодернистичкиот концепт на идентитет, се поврзува со културниот развој на единката, но и на целиот систем на општеството. Акцентот го става на дилемата на избор

на идентитет, како воопштена афирмација на плурализмот и на хетерогеноста. И токму во овој амбиент, идентитетот се поима како заедница што не се засновува на митот за „заедничко потекло на крвта и земјата, туку историски се оформува преку државата и културата како „симболички универзум“, кој на поединците им дава општи рамки на ориентација во дадената политичка заедница“ (Крамариќ, 2012: 240).

Ниту еден идентитет не може да се јави како чиста презентност или објективност, туку секој идентитет е контингентен и нестабилен, а она што најнапред се перципира како единство на идентитет, не е ништо друго освен артикулација на различни елементи, кои во различни политички, историски и културни околности можат да бидат реатикулирани на безброј инакви начини. Или како што вели Хол(Hall): „идентитетот подлежи на постојана трансформација, тој е предмет на континуирана игра на историјата, културата и моќта...“ (1990: 225).

Во трудот *Прашања за културниот идентитет*, Хол ги анализира „концептите на идентитетот“, присутни во ставовите на западната култура и цивилизација, докажувајќи дека разгледбите за идентитетот поминале низ три фази: првата е ’просветителскиот субјект’(се темели на дуалистичката концепција која произлегла од идеите на Декарт: Gogito, ergo sum/мислам значи постојам. Луѓето се состојат од две различни нешта, од ум и од тело. Умот на секој поединец е различен од умот на другите, затоа секој поединец е различен и има сопствен идентитет кој не може да се разложува.). Втората фаза е ’социолошкиот субјект’ (сооднесен за периодот на модерната/современата). Поединецот веќе не е заокружена и самосвесна единка, туку се формира во односите со другите, врз основа на групни процеси и колективни норми, се врзува за одредена општествена група – класата, професијата, местото на раѓање или националноста, на чија основа се создава неговиот идентитет, односно „идентитетот на поединецот се вшива во таа поширока структура, со што се стабилизира неговиот културен свет, а на чија основа и поединецот и поширoката општествена структура стануваат единствени и предвидливи“(Хол, 1992). И третата фаза е ’постмодерниот субјект’ (тој превзема различни идентитети во различни времиња, што го оспорува ставот за постоење одредено себство). Постмодерниот субјект е фрагментиран, дисперзиран и читан низ мноштво дискурси по принципите на Фуко, кој во своите текстови го набљудува субјектот како производ на дискурзивни значења и интериоризирани механизми на дисциплинирање. Имено, постмодерната филозофија покажа дека не постојат чисти идентитети и дека во секој идентитет постојат траги од Другиот, од различниот.

Во современите општества сѐ уште доминира есенцијалистичкиот/модернистичкиот концепт на идентитет, но за културолошките студии, антиесенцијалистичкиот/постмодернистичкиот концепт на идентитет (според кој идентитетот е културна конструкција, односно „идентитетот е нешто што може да се премести и манипулира според моменталните потреби, контексти и симболички интеракции(Lewis, 2002: 374)), е поприфатлив.

### Индивидуален и колективен идентитет

Најприфатлив метолошки пристап кон поширокото социолошко паметење на формите на идентитет се: индивидуалниот(личен) идентитет, кој е постојана и неменлива категорија(како генетскиот код) и колективниот(етнокултурален), кој адекватно ја следи динамичноста на сопствената идентификација, бидејќи и онтолошки самиот е резултат на процесот на внатрешната идентификација. За формирање на колективен идентитет(кој може да опстои исклучиво ако постои заедничка желба за идентитетот и заедничкото искуство во минатото), потребно е да се поклопат две компоненти: вредноста (јазикот, културата, минатото, историјата) и искуството (традицијата). Кога се зборува за индивидуалниот и колективниот идентитет, секогаш е истакнато своеволното поистоветување со некоја етничка група, заедница или нација, што ни дава за право да ја истакнеме одредницата – јазикот, бидејќи колку и да се различни овие категории на идентитетот, сепак нив ги поврзува јазикот, а ставот(речиси сите) на научниците е дека јазикот е основно обележје на етницитетот, кое ја дава сликата за идентитетот, културата и традицијата.

Македонската историја, јазикот, културата и традицијата, го граделе македонскиот национален идентитет, кој во последниве дваесетина години се движи меѓу локалното и глобалното, националното и универзалното, меѓу потребата да се зачува сопствениот идентитет и потребата да се биде дел од големата културна синтеза на Запад. Ќулафкова вели дека: „не спаѓа ни меѓу простите, ни меѓу еднозначните, ни меѓу клишираните етнички идентитети. Се проблематизира до тој степен што постоењето на македонскиот јазик, име, симболи, историја, црква, култура, па и територија, се предмет на постојани гео-политички преиспитувања во поновата историја. Неоспорно е дека секој, па и македонскиот идентитет се поставува во ситуација да се самоодбранува и да се самодокажува, тогаш кога од некоја или нечија позиција, ќе се доведе во прашање и ќе се негира. Во таков случај, идентитетот е поставен пред две вообичаени опции: да се дестабилизира сé до исчезнување и целосна асимилација на другиот, или обратно, да се стабилизира сé до радикален и неретко проблематичен облик на самоидентификација(мистифицирана, митологизирана, романтичарска, ксенофобична, експанзистичка форма на етничкиот идентитет)“ (2006: 184).

За ескалирањето на феноменот на идентитетот, најмногу придонесе негаторскиот однос и политиката спрема нашата земја, од страна на нејзините соседи, кои и во 21 век, во новите меѓународни релации влегоа со товарот на изминатите времиња и анахроните великодржавни предрасуди и националистички аспирации кон македонската нација, нејзиниот јазик, историја, култура и територии. Тоа се главните причини што поимот идентитет како заштитен механизам, стана масовно употребуван(од медиумите) за одбрана на македонската национална кауза во спорот за името со соседна Грција. Одбраната на идентитетот стана средство во напорите на земјата да си ја зачува националната самобитност и државност и да си го најде своето вистинско место во заедницата на другите европски држави со членството во ЕУ и во НАТО.

## Врската идентитет – медиуми

„Не постојат природни или оригинални видови идентитет, бидејќи секој идентитет претставува резултат на некој траен процес, на мноштво интеракции што се одигрууваат во просторот, чии што контури не се јасно дефинирани“(Муф(Mouffe), 1994: 110). Имено, идентитетот не е нешто што човекот природно го наследува,  не е нешто дадено еднаш за секогаш, не е постојана категорија, туку е нешто што се менува во текот на животот, односно може да се конструира. Врз конструирањето на идентитетот, односно врз неговата динамика(врз начинот на социјалното дејствување и вреднување), влијаат(ле) општествените, политичките и културните услови, а во поново време свое влијание имаат и медиумите. Тие се едни од важните фактори кои влијаат на конструирањето на идентитетот.

Врската помеѓу процесите на конс-труирањето идентитет и дејствувањето на медиумите е доста цврста. Трудов ќе се обиде да одговори на клучното прашање каква е врската помеѓу про-цесите на конструирањето на идентитет и дејствувањето на медиумите, преку проследување на националните дневни печатени медиуми, *Дневник* и *Нова Македонија*(како едни од значајните фактори во креирањето и презентирањето на јавното мислење). Факт е дека медиумите функционираат на начин соодветен на официјалната политика и претставуваат идеолошки формулирана контрола. Оттука, произлегува и истражувачкиот проблем кој се идентификува во не постоење на (медиумски) хомогенизирачки опис на реалноста, што непосредно и нужно(идеолошки и дискурзивно) влијае на мислењето, однесувањето и идентитетот на оние што ги конзумираат. Идентитетот не се концептуализира како универзален, фиксиран или есенцијален, туку е инвенција и е контингентен, и се менува со оглед на аспектите што ќе бидат актуелизирани од историските и од културно специфичните елементи на заедницата. Идентитетот е општествена конструкција, при што јазикот(или дискурсот) има централна улога.

Да се истражи прашањето за начините за конструирањето на националниот идентитет низ медиумите, значи да се проследат доминантните медиумски дискурси, начините на нивното ширење и значењата што тие ги градат. Оттука, предмет на истражување на овој труд е да се истражи опсегот и значењето на поимот идентитет во македонските печатени медиуми *Дневник* и *Нова Македонија*, а со тоа да се дефинираат и начините на кои медиумите влијаат или се користат како алатка во конструирањето на идентитетот.

Основната теза од која се тргнува во истражувањето е дека променливоста, нестабилноста, фрагментираноста и пластичноста се темелни одредници на идентитетот, а медиумите се алатка за негова конструкција и времено стабилизирање. Медиумите стануваат водечки ресурси за конструирање на идентитетски проекти, односно во процесот на креирањето на националниот идентитет тие имаат важна, па дури и одлучувачка улога. Но, како што медиумите можат да влијаат врз конструирањето на идентитетот, така тие можат да влијаат и врз неговата деконструкција, односно едновремено можат да учествуваат и во конструирањето на концептот на националниот идентитет и во процесите на унифицирање на идентитетите,

препишани на глобализацијата. Имагинирањето на националниот идентитет се базира на посебностите на јазикот, историјата, минатото и традицијата, додека пак, наднационалните идентитети се базираат на имагинирањето на заеднички вредности. Ваквите тенденции влегуваат во сложени релации/односи, кои треба да се земат во предвид кога се толкува улогата на медиумите во креирањето на идентитетот. Овие залкучоци ќе се применат во конкретен географски простор – Република Македонија, со цел да се истражи (основната цел на истражувањето е) како преку медиумите може/не може да се конструира идентитетот, и да се дефинира и со тоа привремено да се стабилизира неговата содржина и значење, односно да се истражи улогата и функцијата на македонските печатени медиуми во стабилизирање на одредени елементи на идентитетот.

Медиумите се огледало на свеста на народот/публиката, извор за времена и точна информација, слободна мисла, едукација, провокација, директни и објективни показатели на вкусот и потребите на публиката, на која се должни да ѝ дозволат сама да заклучува и мисли, зашто само така тие ќе покажат дека ја почитуваат интелигенцијата и интегритетот на публиката.

Но, кај нас се случува апсурд. Медиумите се моќни средства за пласирање и ширење на идентитетски производи и ја имаат таа моќ да доведат до еден вид „девалоризација на реалноста со што публиката се дезориентира и се инхибира нивниот пристап до политичката свест“(Brune, а 1993:4, цитиран според Георгиевска-Јаковлева, 2014: 69), односно медиумите стануват „сојузник“ што обезбедува, како што вели Баркер(Barker, 1993:3), „размножувачки (пролиферувачки) ресурси“, за конструирање на новите идентитети. Според Георгиевска-Јаковлева „тие ресурси имаат означувачка моќ, но не како нешто што е надредено. Тие не го конструираат идентитетот како надреден фактор, туку од материјалот што го лиферуваат, публиката со прифаќање или со одбивање, прави смисла. Иако, медиумите се доминантни во репрезентацијата на идентитетите, значењата што тие ги градат се посредувани од она што се нарекува живеена култура“(2014:75).

Медиумите својата 'медиумска политика' ја водат во согласност со она што и на национално и на наднационално ниво се „чита“ како доминантен дискурс и на тој начин учествуваат во неговото ширење. Медиумската политика е отворена за убедување, но дискутабилно е прашањето дали медиумите убедуваат согласно официјалната, државна политика. или пак дејствуваат согласно етиката, принципите на независност и објективност, бидејќи задачата на медиумите не е само да бидат нечии мегафони, туку напротив, нивна задача е покрај голите информации да создаваат и вредности. Оттука, (медиумите) функционираат како места каде што замислувањето на националната заедница се шири и се споделува, како ресурси што ја снабдуваат заедницата со материјали за самоидентификација и како форум каде што е репрезентиран животот на заедницата. Тие имаат означувачка моќ.

Поради поголемата достапност на македонските печатени медиуми, анализата ќе се продолжи врз оние материјали, што како ресурси им се достапни на македонските читатели, со оглед на прашањето за идентитет. (Од теориски аспект), со

теориска цел, материјалите се класифицираат во три групи:

- информации, вести, извештаи, изјави за влегување на Република Македонија во Европската унија;
- реакции кои се однесуваат на правните акти поврзани со слободата на говорот, како едно од најважните обележја на медиумите и правото на самоопределување и самоименување и идентитет, и
- анализи, коментари, интервјуа, фељтони во кои се изнесуваат историски факти за македонскиот идентитет;

Прагматично, често се среќаваат статии во кои има преклопување на трите сфери и сите може да се третираат како ресурси врз кои можат да се конструираат нови идентификациски основи, но за нас најактуелни се последните.

Од досега кажаното воочливо е дека, ова истражување ќе ги посочи:

- релациите и односите помеѓу медиумите и конструирањето на идентитетот;
- релациите медиуми – идеологија и релациите медиуми – центри на моќ, и
- како преку одредени дискурси кои стануваат доминантни, се менува идејата за тоа кои елементи од минатото играат пресудна улога во актуелното конструирање на идентитетот, од една страна, а од друга како се менува автоперцепцијата на идентитетот;

ќе даде одговор на следниве прашања:

- дали медиумите имаат директно влијание врз формирањето на идентитетот?
- дали медиумите може да го креираат идентитетот или служат само како алатка?
- каква е улогата на медиумите во креирањето на идентитетот?
- дали медиумите се ресурси? и

ќе даде појасна слика за начините преку кои:

- медиумите се користат како ресурси за конструирање и контрола на идентитетот/идентитетите, и
- медиумите се користат како алатки кои користат на центрите на моќ, дејствуваат согласно владеачката идеологија, која пак го креира доминантниот дискурс.

## Методолигија

Појдовна точка во истражувањето е пребарување на статии кои во себе го содржат поимот идентитет, во два македонски дневни весници: *Дневник* и *Нова Македонија*, печатени во периодот од 2009 – 2013 година, со цел да се истражи улогата и функцијата на медиумите во креирањето на идентитетот и менувањето на неговата содржина и значење. Периодот од петте години е одреден врз база на специфичната положба на Република Македонија по Самитот на НАТО во 2008 година, кога таа не го доби посакуваното и очекувано членство.

Со пребарување, преку селекција, односно со примена на општиот научен метод апстракција на поимот идентитет(од останатите), беа идентификувани статиите кои експлицитно го содржат овој поим. Тие понатаму преку општиот научен метод анализа, тематски се класифицираат по неколку основи:

- класификација на текстовите по години на објавување, со број на застапеност;

- класификација на текстовите по автор, по број на застапеност и
- жанровска класификација, со број на застапеност.

Добиените податоци статистички се обработуваат, за да се изведат мерливи показатели. Потоа, со примена на квалитативната(дискурзивната) анализа и со општите научни методи индукција и дедукција, се изведуваат заклучоци(во однос на поставените прашања). За покомплетна слика квантитативната анализа е проследена со квалитативна(дискурзивна) анализа и од анализата на дискурсот присутен во врска со поимот идентитет, се изведоа заклучоците. Оттука, истражувањето се темели на:

- собирање на податоци,
- нивно тематско класификување и
- изведување на заклучоци.

### СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА

Со пребарувањето на поимот идентитет во весниците *Дневник* и *Нова Македонија*, во периодот од 2009 – 2013 година, добиени се вкупно 343 резултати и тоа во весникот *Дневник* идентификувани се 231 статија, додека пак во весникот *Нова Македонија* 112 статии, во кои се сретнува овој поим.

Од добиените податоци, може да се заклучи дека во весникот *Дневник* бројот на статии во кои се сретнува поимот идентитет е двојно поголем, од бројот на статии во кои се сретнува поимот идентитет во весникот *Нова Македонија*. Согласно фреквенцијата на поимот идентитет, може да се констатира дека и весникот *Дневник* и весникот *Нова Македонија*, посветуваат големо внимание на оваа тема, односно во овие печатени медиуми има нагласен интерес за темата идентитет, па следува дека темата идентитет е една од важните теми за македонската држава. Двата печатени медиуми спорадично го употребуваат поимот идентитет и повеќе се задржуваат на елементите(обележјата) за кои се врзува идентитетот: името, јазикот, минатото, историјата, традицијата, територијата, етницитетот.

| Дневник | Нова Македонија | Вкупно |
|---|---|---|
| 231 | 112 | 343 |

**Табела 1:** Вкупен број на идентификувани статии кои го содржат поимот идентитет и нивна бројна застапеност во *Дневник и Нова Македонија*

### СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ВЕСНИКОТ ДНЕВНИК

#### КЛАСИФИКАЦИЈА СПОРЕД АВТОРИТЕ НА СТАТИИТЕ

Во периодот од 2009-2013 година, за прашањата поврзани со поимот идентитет, во весникот *Дневник* пишуваат повеќе автори. Некои од нив се огласуваат повеќе пати, па структурата на класификација по автори, е следнава:

| Весник: ***Дневник*** | Вкупно идентификувани статии што го содржат поимот идентитет: 231 |
|---|---|
| **Име на Автор/Автори** | број |
| Ајановски, Георги | 1 |
| Алексовски, Александар | 1 |
| Бановиќ, Марковска Ангелина | 1 |
| Божиновска П. Жана | 7 |
| Божиновска П. Жана; | 1 |

| | |
|---|---|
| Ивановски Христо | |
| Без потпис | 53 |
| Б. Ѓ. | 1 |
| Б. П. | 1 |
| Богоевски Живко | 1 |
| Божиновска П. Жана, Јовановска Светлана | 2 |
| Билјановски, Митко | 1 |
| Биљали, Мерсел | 1 |
| Бошковска, Александра | 1 |
| Блажевска, Катерина | 2 |
| Букарски, Алекс | 2 |
| Бучковски, Владо | 1 |
| Вакнин ,Сем | 1 |
| В. Т. | 1 |
| Грџодамовска, Лилјана | 2 |
| Давитоглу, Ахмет | 1 |
| Даути, Даут | 2 |
| Димитров, Божидар | 1 |
| Димитровски, Предраг | 4 |
| Димовски, Илија | 4 |
| Димчев, Н. Димо | 1 |
| Ѓоргевски, Бранко | 13 |
| Ѓоргевски, Бранко, Трајковска, Маринела | 1 |
| Ѓоргиевска, Сребра | 1 |
| Жежов, Никола | 1 |
| Ж. П. Б. | 3 |
| Ж. П. Б. – С. Ј. | 1 |
| Жежов, Никола | 1 |
| Здравковска, Жанета | 1 |
| Ивановска, Весна | 2 |
| Иванов, Ангел, Никовски, Ристо | 1 |
| Иванов, Зоран | 1 |
| Иванов, Ѓорге | 1 |
| Ивановски, Христо | 7 |

| | |
|---|---|
| Ис. К. | 1 |
| Јаневски, Дарко | 1 |
| Јаневски, Славко | 1 |
| Јовановски, Мето | 1 |
| Јовановска, Светлана | 1 |
| Јанчовски, Тихомир | 1 |
| Казиовска, Соња | 1 |
| Кокаланов, Сашо | 2 |
| Костовска, Ивана | 1 |
| Коцевски, Данило | 1 |
| Крстевски, Лазар | 1 |
| Кујунџиски, Жарко | 1 |
| Лазаревска, Марина | 1 |
| Љ. М. | 1 |
| Макрина, сестра | 1 |
| Манасиев, Александар | 1 |
| Мико, Џејсон | 1 |
| Мирчев, Димитар | 5 |
| Михајлова, Наташа | 1 |
| М. Т. | 2 |
| М. Т. – Ж. П. Б. | 1 |
| М. Л. | 1 |
| М. Л. | 1 |
| Наумов, Кире | 1 |
| Науновски, Тони | 15 |
| Нешкова, Катерина, Трајковска, Маринела | 1 |
| Нешкова, Катерина | 1 |
| Neogenocide.com | 1 |
| Никовски, Ристо | 1 |
| Огњанов, Тоше | 1 |
| Пендаровски, Стево | 3 |
| Петровски, Димитар | 1 |
| Петрова, Анела | 1 |
| Попетрески, Васко | 1 |
| Поповски, Никола | 2 |
| Поповска, Татјана | 2 |

| | |
|---|---|
| П. П. | 1 |
| Саркањац, Бранислав | 1 |
| Силјановска, Софија | 1 |
| Силјан, Раде | 1 |
| Славески, Стојан | 3 |
| Славевски, Стојан | 2 |
| Стефановски, Петко, | 1 |
| Стефановски, Владимир | 1 |
| С. К. | 1 |
| С. А. Ј. | 1 |
| Тодоровска, Вера | 3 |
| Трајановска, Никола Олгица | 1 |
| Трајановски, Жарко | 13 |
| Трајановски, Христо | 1 |
| Т. П. | 2 |
| Т. О. | 1 |
| Фрчковски, Д. Љубомир | 1 |
| Цветковска, Жаклина | 1 |
| Челиковиќ, Ивица | 1 |
| Вкупно | 231 |

**Табела 2:** Табеларен приказ на класификацијата на статиите во весникот *Дневник,* според авторите на статиите по број на статии

Направената класификација, упатува на сознанието дека темата идентитет е провокација и предизвик за многу автори, кои во периодот 2009-2013 година сакаат да се произнесат по однос на темата и да дадат свое мислење. Согласно направената класификација според авторите на статиите, во анализираните 231 новинарска статија, идентификувани се 53 статии каде авторот не е наведен и 19 статии каде авторот е даден со иницијали. Понатаму, 58 автори се јавуваат со по еден текст, 12 автори се јавуваат со по два текста, 3 автори се јавуваат со по три текста, 2 автори се јавуваат со по четири текста, 1 автор се јавува со пет текста, 2 автори се јавуваат со по седум текста, 2 автори се јавуваат со по тринаесет текста и 1 автор се јавува со петнаесет текста. Следува дека, темата идентитет не се третира од еден автор, за неа пишуваат повеќе автори(односно 93 автори), кои се огласуваат со по една, две, три, четири, пет, седум, тринаесет и петнаесет статии, чија функција е доближување на содржината и опфатот/опсегот на овој поим до читателите.

Класификација според годините на објавување

Класификацијата според годините на објавување ја има следнава структура:

| **Весник: *Дневник*** | Вкупно идентификувани статии што го содржат поимот идентитет |
|---|---|
| Година на објавување на статијата | број |
| 2009 | 67 |
| 2010 | 50 |
| 2011 | 32 |
| 2012 | 44 |
| 2013 | 38 |
| Вкупно | 231 |

**Табела 3:** Табеларен приказ на класификацијата на статиите во весникот *Дневник,* според годината на објавување

Од табелата се забележува дека, во анализираните 231 статија во весникот *Дневник,* идентификувани се 67 статии во 2009 година, 50 статии во 2010 година, 32 статии во 2011 година, 44 статии

во 2012 година и 38 статии во 2013 година. Најмал број статии се објавени во 2011 година, а најголем број се објавени во 2009 година, кога се забележува и драстично зголемување на фреквентноста на статиите, што говорат за поимот идентитет, што упатува на заклучокот дека весникот *Дневник,* сè повеќе и придава поголемо значење на оваа тема.

ЖАНРОВСКА КЛАСИФИКАЦИЈА

Класификација на статиите што во себе го содржат поимот идентитет по жанрови, ја има следнава структура**.**

| **Весник:** ***Дневник*** | **Вкупно идентификувани статии што го содржат поимот идентитет: 231** |
|---|---|
| Жанр/вид статија | број |
| Вест/информација | 70 |
| Изјава | 5 |
| Извештај | 18 |
| Интервју | 15 |
| Есеј(колумна) | 52 |
| Анализа/статија | 40 |
| Коментар | 30 |
| Фељтон | 1 |
| Сондажа/анкета | 0 |
| Фотовест и/или фоторепортажа | 0 |
| Објави на читателите | 0 |
| Вкупно | 231 |

**Табела 4:** Табеларен приказ на класификацијата на статиите во весникот *Дневник* според вид/жанр

Од табелата се забележува дека, поимот идентитет не е претставен преку жанровите: сондажа/анкета, фотовест и/или фоторепортажа и објави на читателите. Но, поаѓајќи од фактот дека, сондажата/анкетата се составен дел на статиите што генерално се класифицираат во други жанрови, а фотовеста и фоторепортажата не е соодветен новинарски жанр за ваков вид статија, може да се заклучи дека во весникот *Дневник*, не е присутен само жанрот објави на читателите. Индикативен е фактот дека, од вкупниот број новинарски статии во кои се споменува поимот идентитет, приближно една третина, односно 52 статии спаѓаат во жанрот колумна, 30 статии спаѓаат во жанрот коментар и 40 статии спаѓаат во жанрот анализа, кои поаналитички го третираат поимот идентитет, од каде следува дека, авторите на статиите кон темата идентитет приоѓаат доста сериозно и со продлабочени размислувања. Од друга страна пак, не е мал бројот на текстови - 70, кои спаѓаат во жанрот вест/информациија, што упатува на заклучокот дека во одреден број случаи темата идентитет се третира информативно, како известување за некој настан или со кратка изјава. Во идентификуваните статии се сретнуваат и 15 интервјуа, 2 анкети и 1 фељтон. Ако се спореди бројната состојба на жанровите што во своите жанровски конвенции оставаат простор за попродлабочени и пообразложени ставови(есеј, коментар, анализа) и оние што имаат функција да известат(вест, изјава, извештај), ќе се дојде до сознанието дека соодносот речиси е балансиран, односно 122 статии спаѓаат во првата категорија, а 93 статии во втората категорија, кои по својата бројност се нешто помалку од статиите од првата категорија, кои носат продлабочена анализа.

### Статистичка анализа на весникот Нова Македонија

### Класификација според авторите на статиите

Во периодот од 2009-2013 година за прашањата поврзани со поимот идентитет, во весникот *Нова Македонија* пишуваат и размислуваат повеќе автори, а некои од нив се огласуваат повеќе пати, па структурата на класификацијата по автори е следнава:

| Весник*: Нова Македонија* | Вкупно идентификувани статии што го содржат поимот идентитет: 112 |
|---|---|
| Име на автор/автори | број |
| Андоновски, Венко | 1 |
| Андоновски, Зоран | 1 |
| Арсовски, Хараломпие | 1 |
| Арсовски, Кирчо | 1 |
| Блажевска, Даниела | 1 |
| Бојчев, Душан | 1 |
| Боцевски, Ивица | 1 |
| Без потпис | 10 |
| Василевски, Жарко | 2 |
| Велиновска, Мирка | 15 |
| Вл. Д. | 1 |
| В. Д. | 1 |
| Гелева, Емилија | 1 |
| Георгиевски, Сашо | 2 |
| Гроздановска, Димишковска Љубица | 1 |
| Дамчевска, Весна | 6 |
| Денковска, Александра | 1 |
| Димковски, Александар | 2 |
| Димишкова, Слаѓана | 2 |
| Димеска, Фросина | 1 |
| Заревска, Радмила | 5 |
| И. Н. | 1 |
| Јаневски, Дарко | 1 |
| Јањатов, Драган | 1 |
| Јачевска, Сања | 1 |
| Јорданова, Поп Нада | 2 |
| Калоѓера,Горан | 1 |
| Клековски, Сашо | 1 |
| Костовска, Ивана | 5 |
| Кочов, Стојан | 1 |
| К.Н. | 2 |
| Ка. М. | 1 |
| Мијатовиќ, Владимир | 1 |
| Митревски, Дарко | 1 |
| Нешкова, Катерина | 2 |
| Николовски, Владимир | 1 |
| Никовски, Ристо | 3 |
| Огинар, Нестор | 1 |
| Опетческа, Искра | 1 |
| Опетческа, Искра; Поповска, Христов Антонија | 1 |
| Опетческа, Искра; Стојановска, Сунчица | 1 |
| Петревски, Георгиева Мимоза | 4 |
| Попески, Марјан | 1 |
| Поповска, Христова Антонија | 2 |
| Русјаков, Александар | 2 |
| Србиновски, Александар | 1 |
| Стојановска, Јоксимовска Сунчица | 1 |
| С. Д. | 1 |
| Таневска, Марта | 1 |
| Тантуровска, Лидија | 1 |
| Темков, Кирил | 1 |
| Трпковски, Гоце | 1 |

| | |
|---|---|
| Франговска, Јасна | 5 |
| Ф. Д. | 1 |
| Шкрбина, Петар | 1 |
| Вкупно | 112 |

**Табела 5:** Табеларен приказ на класификацијата на статиите во весникот *Нова Македонија* според авторите на статиите по број на статии

Ваквата класификација ни покажува дека, темата идентитет е провокација и предизвик за 56 автори, што во периодот од 2009-2013 година сакаат да се произнесат за неа со свои ставови и размислувања. Во анализираните 112 статии, идентификувани се 10 новинарски текстови каде авторот не е наведен и 8 статии каде авторот е даден со иницијали. Понатаму, 33 автори се јавуваат со по еден текст, 9 автори се јавуваат со по два текста, 1 автор се јавува со три текста, 1 автор се јавува со четири текста, 3 автори се јавуваат со по пет текста, 1 автор се јавува со шест текста и 1 автор се јавува со петнаесет текста.

### КЛАСИФИКАЦИЈА СПОРЕД ГОДИНАТА НА ОБЈАВУВАЊЕ

Класификацијата според годината на објавување на статиите, ја има следнава структура:

| **Весник: Нова Македонија** | Вкупно идентификувани статии што го содржат поимот идентитет: 112 |
|---|---|
| **Година на објавување на статијата** | Број |
| **2009** | **22** |
| **2010** | **22** |
| **2011** | **39** |
| **2012** | **16** |
| **2013** | **13** |
| **Вкупно** | **112** |

**Табела 6**: Табеларен приказ на класификацијата на статиите во весникот *Нова Македонија* според година на објавување

Од табелата се забележува дека, во анализираните 112 текстови од весникот *Нова Македонија*, идентификувани се 22 статии во 2009 година, 22 статии во 2010 година, 39 статии во 2011 година, 16 статии во 2012 година и 13 статии во 2013 година, што го содржат поимот идентитет. Воочливо е дека, најголем број статии со поимот идентитет се објавени во 2011 година, а најмал број статии се објавени во 2013 година, односно во периодот 2009 – 2011 година интересот за темата идентитет расте, додека пак во периодот од 2012 – 2013 година интересот за темата идентитет опаѓа.

### ЖАНРОВСКА КЛАСИФИКАЦИЈА

Класификацијата на статиите што во себе го содржат поимот идентитет по жанрови, ја има следнава структура:

| Весник: *Нова Македонија* | Вкупно идентификувани статии што го содржат поимот идентитетот: 112 |
|---|---|
| Жанр/Вид на статија | Број |
| Вест/информација | 27 |
| Изјава | 10 |
| Извештај | 7 |
| Интервју | 3 |
| Есеј(колумна) | 35 |
| Анализа/статија | 5 |
| Коментар | 25 |

| | |
|---|---|
| Фељтон | 0 |
| Сондажа/анкета | 0 |
| Фотовест/или фоторепортажа | 0 |
| Објави на читателите | 0 |
| Вкупно | 112 |

**Табела 7:** Табеларен приказ на статиите во *Нова Македонија* според вид/жанр

Од направената класификација се добива впечаток дека, поимот идентитет не е претставен преку жанровите: фељтон, сондажа/анкета, фотовест и/или фоторепортажа и објави на читателите. Доминираат колумната/есејот со 35 текста, потоа веста/информацијата со 27 текста, коментарот со 25 текста, изјавите со 10 маркирања, извештајот со 7 маркирања и 3 интервјуа. Индикативно е дека, од вкупниот број новинарски текстови во кои се споменува поимот идентитет, речиси една третина од текстовите спаѓаат во жанрот есеј/колумна, која имплицитно е обоена со авторски став, а воочливо е дека весникот *Нова Македонија* во повеќе случаи ги изразува авторските ставови, што не мора да значи дека тие ставови се идентични и се хармонизираат еден со друг, додека пак поголем дел од останатите текстови спаѓаат во жанрот вест/информација, која е релативно објективна, без јасно нагласен став.

Од статистичката анализа изведена во весниците *Дневник* и *Нова Македонија*, може да се извлечат следниве заклучоци:

Од класификацијата што ја третира застапеноста на авторите на новинарски текстови, се заклучува дека темата идентитет е провокација и предизвик за 93 автори во весникот *Дневник* и за 56 автори во весникот *Нова Македонија,* кои објавуваат свои текстови во истражуваните пет години, периодот 2009-2013 година. Со оглед на вкупниот бројот на (152) автори(и во двата весника) што се огласуваат за темата идентитет, се заклучува дека темата идентитет е доста актуелна тема, која согласно пулсирачката динамика на историјата е провокација за многу автори, кои преку дневно совладување и прилагодување на настанатите промени, го фокусираат вниманието кон поимот идентитет. Индикативно е дека, во весникот *Дневник* по однос на темата се огласуваат различни автори, што не е случај со весникот *Нова Македонија,* каде дел од авторите се огласуваат и по неколку пати.

Класификацијата според бројот на објавени статии на темата идентитет по години укажува дека, темата идентитет во периодот 2009-2013 година, во континуитет е присутна и во двата весника. За весникот *Дневник* се заклучува дека, во 2009 година бројот на статии перманентно се зголемува, но во 2013 година, индикативно се намалува и достигнува до 38. Оттука, може да се заклучи дека темата идентитет е долгорочна и долготрајна провокација со која сите ние, не само регионално, туку и егзистенцијално се соочуваме. Додека пак за весникот *Нова Македонија*, се заклучува дека по 2011 година бројот на статии опаѓа, што упатува на заклучокот дека во весникот *Нова Македонија* предност се дава на оние аспекти, кои го одбележуваат индивидуалниот/колективниот идентитет, автентичноста, умножувањето, кризата и одрекувањето од идентитетот, со многу мала употреба на определбата национален.

Класификацијата според жанрови упатува на заклучокот дека, застапеноста/присутноста на

разновидни новинарски жанрови што го актуелизираат поимот идентитет по линијата на двете неодминливи оски: вертикалната(дијахрониска, матична, оска на класичната и наследената национална традиција) и хоризонталната(синхрониска, космополитска оска на современата иновација) е на задоволително ниво. Во весникот *Дневник,* можат да се најдат и куси информации, но и двојно повеќе продлабочени и поподробни размислувања и ставови, што значи дека соодносот не е балансиран. Ситуацијата во весникот *Нова Македонија* малку е поинаква, односно повеќето текстови се информативни и не се занимаваат со опсегот и содржината на поимот идентитет, што не значи дека овој весник стои настрана од провокативната тема, бидејќи може да се сретнат и такви текстови кои навлегуваат во базичноста на поимот, во неговата содржина и го елаборираат неговиот опсег и значење.

### Анализа според терминологијата употребена во анализираните весници

Од анализата на печатените медиуми се заклучува дека, поимот идентитет се врзува за обележјата - јазикот, минатото, историјата, традицијата, територијата, нацијата, етницитетот, односно со елементите на идентитетот(кои секогаш се): перманентност во времето, поимот на единството и континуитет на субјектот. Понатаму, од анализираниот материјал се заклучува дека токму елементите на идентитетот произведуваат едно фрустрирачко место на македонската меморија, кое се претвора во историска и колективна стигма на Македонците, една иницијално негаторска политика и политика на одлагање на македонскиот идентитет, сѐ до негово (евентуално) целосно амортизирање, аморфизирање и сотрување. Со оглед на специфичната положба на Република Македонија, која има проблем со соседите од идентитетска природа, растегната е меѓу негатори на националниот идентитет од најблиското соседство, печатените медиуми најчесто пишуваат за фундаменталните права – правото за самоопределување, а со тоа и за самоименување и развиваат имплицитна расправа околу разрешувањето на напнатоста што се содржи во поимот идентитет. Својата ономатургија ја сведуваат на политички, но и на морален чин. Политички(од перспектива на Другиот), медиумите пишуваат дека, Македонците се осудени на болна(колективна и индивидуална)ситуација, на (меѓународна) невидливост и на одложен и замрзнат идентитет, кој живурка во бескрајна криза. Од друга страна, пишуваат дека оваа (не)морална ситуација го произведе ранливиот македонски субјект, кој има силна волја да биде автономен, да го освои правото на донесување одлуки, правото на слобода и правото на самоопределување и самоименување.

Очигледно е дека се известува за доста актуелна тема што е од круцијално значење за Македонија, и според анализираниот материјал(кој сведочи за неможноста да се најде решение за името и идентитетот, за заплетот на идентитетот на јазичен, национален и државен план) се заклучува дека, во Република Македонија, (поимот) идентитетот е тема за која сѐ уште се преговара и се дискутира(прашање што го шири опсегот за тоа за што не се преговара), односно сѐ уште се утврдува содржината на овој поим. Од друга страна, Република Македонија е млада демократија во нејзе сѐ уште се актуелни старите матрици на мислење, а

традиционалните вредности, заедничкото минато и сеќавањето имаат пресудно значење. (Дека тоа е така, печатените медиуми ни посведочуваат преку пишувањето, известувањето и анализирањето за/на актуелната „историја на споменици", која е добро илустрирана, за да се создаде колективен национален идентитет).

Со оглед на анализираниот материјал, можат да се издвојат четири групи текстови (со различни толкувања) во кои ќе се класифицираат текстовите, при дискурзивната/квалитативната анализа:

- текстови во кои централно место завзема ставот дека за името/идентитетот не се преговара;
- текстови кои имаат за цел да го презентираат и заплетот на идентитетот на јазичен, национален, државен и друг план.
- текстови кај кои има нагласена желба, националниот идентитет и националната култура да се чуваат во недопрен и интегрален облик, што укажува на есенцијалистичкиот концепт на идентитет односно на желбата за корените/есенцијата, и
- текстови што свесно или несвесно ја поставуваат тезата за неможноста за чисти национални идентитети, што укажува на антиесенцијалистичкиот концепт на идентитет, при што идентитетот се сфаќа како провокација, која сугерира процес и динамика.

## Анализа на дискурсот за поимот идентитет

Во анализираните печатени медиуми може да се исчита двојна слика за тоа што се подразбира под поимот идентитет. Поимот идентитет се сфаќа како:

- нешто дадено, фиксно и непроменливо, тоа е есенцијалистичкиот/модернистичкиот концепт на идентитет, и
- нешто што активно се гради, менува и трансформира, тоа е анти-есенција-листичкиот/постмодернистичкиот концепт на идентитет.

Од една страна, медиумите(медиумскиот дискурс) манифестираат еден претпазлив однос кон историјата. Поголем број текстови пишуваат за повторно обмислување на содржината и значењето на поимот идентитет, мал број текстови ги информираат читателите за деталите на елементите на поимот идентитет, а во дел од текстовите пластично се отсликува нашиот менталитет и карактер и сведочат за цела низа стереотипи, кои во голема мера го одредуваат нашиот иден живот, меѓусебните односи, а ние систематски одбегнуваме да ги проблематизираме.

Од друга страна пак, власта е свесна за улогата на медиумите и врши упад и контрола во/на медиумската сфера, што значи се работи за обид за тешка цензура преку медиумите. Оттука, официјалната политика е во позиција да сведе една сложена идентитетска структура(која се спротиставува на наметнатите стандарди и ограничувања) на дневно политички потреби, и затоа дел од новинарските текстови упатуваат (дискурзивна) критика кон официјалната политика. Од една страна, критиката е дека, ваквата пракса на центрите на моќ им овозможува да произведуваат моделирани идентитети, со дисциплинирање на нивното поведение (во тоталитарен режим), при што пропустите се идентификуваат(но не се жигосуваат), а од друга пак поради потиснување на индивидуалните идентитетски права, за сметка на колективните,

традиционалните и идеолошките матрици на размислување.

### Анализа на дискурсот за поимот идентитет во весникот Дневник

Новинарите во весникот *Дневник* речиси само известуваат, но голем дел од надворешните соработници, користејќи ја колумната како жанр, ги изразуваат своите ставови и овозможуваат да се согледаат и основните ставови по однос на поимот идентитет.

Цврстината на ставот дека за името/идентитетот не се преговара, можеби најдобро ќе се согледа ако се посочи на интервјуто, направено од Јасна Франговска, со Ефтим Клетников, со наслов „Без името ќе бидеме постмодерни хазари" (http://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=B4B043778D8 21742912F9D584D146D9B). Пласирајќи ја тезата дека, „во замена за Името ни се нуди некаква иднина, во која ќе не снема како идентитет, ќе бидеме само безлична и територијална маса, постмодерни Хазари", Ефтим Клетников укажува на триковите и заблудите на ЕУ, кои предизвикуваат неправда. Понатаму велејќи: „Она што денес ни се случува со Името, со посегнување по него за да нè обезличат и историски избришат како идентитет, е типичен пример за варварство кон нас, од најсуров вид геноцит, физички најбезболен, но историски, духовно и културолошки најфатален. Ќе ви го сменат името и со тоа врз вас е извршена „безболна" идентитетска еутаназија", експлицитно укажува дека Грција под маската на ЕУ, па и ЕУ, со својата политика го рушат достоинството на Република Македонија, загрозувајќи ги фундаменталните права – правото на самоопределување и самоименување. Ова интервју може да биде парадигматичен пример за она за што не се преговара – за името и идентитетот, за отпорот на јавноста во Република Македонија кон оној ступидариум со европска и светска димензија, присутен во темата со нашето име и идентитет, а во него нешто под присила, нешто под слободно убедување, има подлегнато и дел од политичката и интелектуалната јавност. Но обичниот народ – не, затоа што според Клетников: „тој има поздрава свест и етика за поимот идентитет".

Критичкиот дискурс со кој се служи Клетников, остава впечаток на добро информиран и упатен човек во апсурдниот спор за името, кој е жесток цинизам, изразен преку дефицитот на етички и морални вредности во ЕУ. Преку ставот: „Ако сме чесни кон себе, не смееме да смениме ни четвртина буква од името, а не да го менуваме, да му лепиме некаква придавка. Нé тераат да го смениме името, за да ја избришат од нашата свест нашата историја, целосно до крај. Да станеме табула раза. Промената на името за нас ќе значи идентитетска и историска катастрофа", Клетников се спротиставува на цинизмот. Ваквиот став е присутен и кај (дел од) македонската јавност, која ја чувствува сериозната закана за својата судбина и опстојба во неа, како резултат на амбивалентниот однос на ЕУ, која ги крши „основното право на самоопределување и самоименување". Оттука, и заклучокот дека, амбивалентноста на ЕУ се огледува токму во фактот што таа(ЕУ) ги крши и со тоа ги поништува вредносните стандарди, што самата ги пропишува, во смисла дека за името/идентитетот не се преговара.

Со слични обвинувања кон ЕУ, но сега користејќи го жанрот есеј(колумна) и со сосема поинаков дискурс, кој во акција го става и емоционалниот говор и моралот и нарацијата, размислува авторот Сотир Костов, кој во своите ставови е порадикален. Од позиција на евроскептик, нè соочува со заплетот на идентитетот на јазичен, национален и државен план и аргументира и критикува и квалификува, во текстот „Каде ви е совеста“ (http://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=B4B043778D821742912F9D584D146D9B). Велејќи: „Имаме автентична суверена приказна, која покажува кои сме, од каде потекнуваме, што сме биле, што правиме и каде сакаме да стигнеме. Имаме протагонисти на нашата приказна. Вистински херои на приказната за Македонија“(Костов, 2009), упатува критика до скорешните протагонисти, бидејќи во последно време, „тие под разни влијанија( внатрешни и надворешни), станале послушни ученичиња и ја первертирале приказната за Македонија и се престориле во антагонисти“. Им забележува и на нивното самоволие од најстрашен тип, бидејќи ни нудат поинаква приказна за Македонија(и го полнат поимот идентитет со различни содржини), надвор од нашата историја, со поинаква географија и со содржина непозната на нашата вистинска и реална приказна. Креација на Европејците од Брисел, која алудира на некоја нова интерпретација на македонскиот идентитет, на македонскиот јазик и на сè она што може да се подведе под поимот „македонски идентитет“, со што се руши и однатре разградува стабилноста на Република Македонија. Оттука, авторот иронично заклучува: „Самата ЕУ не е особено демократска, и ако таа аплицира за прием во себеси, нема да биде примена“. Понатаму, упатувајќи критика до Филе за неговата неумесна изјава дека ние Македонците сме имале половина срце, а македонскиот идентитет е некадарен изобличен, онаков каков што тие го смислиле, прашува: „Имате ли Вие душа? Каде Ви е совеста? Дали за Вас сè е фингерај, или сè е дубара и дупли пас? Изгледа ништо не ви е свето, па така лесно на луѓето им брцате во срцата“, директно ја обвинува ЕУ и Филе за спроведувањето на постапки и методи, кои се спротиставени на (европските) вредностите, а тие се темелот врз кои се гради идентитетот.

Што всушност претставува поимот идентитет и негово дефинирање преку есенцијалистичкиот концепт на идентитет, односно преку антиесенцијалистичкиот концепт на идентитет, елаборира Илија Ацевски, во текстот „Идентитетот и модерноста“ (http://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=3800A07B5426E84191791BF282EA1006). Тргнувајќи од предмодерните општества, во кои идентитетите се формирале врз традиционалните верувања и структури, главно поврзани за религијата, Ацевски вели дека: „идентитетот произлегува од затекнатата позиција добиена со раѓање, а не од индивидуалните особини или квалитети на личноста, и е неделив и единствен“, за потоа да каже дека: „во постмодерните општества не постојат унифицирани принципи на диференцијација и разводнување, туку сплет на меѓусебно испреплетени и вкрстени елементи и поединците играат најразлични улоги“(Ацевски, 2009).

Врз база на овие две парадигми и појавата на глобализацијата, чии процеси создаваат услови за формирање на различни форми на идентитет, авторот го поставува клучното прашање „Дали влијанието на глобализацијата ќе доведе до исчезну-

вање на локалните идентитети, односно до дестабилизација на националниот идентитет, што би довело до создавање на хибридни идентитети, кои треба да се разберат како културен зачеток на економската глобализација?". Авторот е согласен дека интензивната глобализација доведува до висок степен на хибридизација на нови идентитети кои во себе можат да опфатат повеќе националности, дека во секој човек се претставени неколку групи истовремено, луѓето се движат од еден во друг идентитет и констатира дека „ова е голем предизвик за формирање заедници кои по својата природа се мултикултурни, не само во рамките на една државна заедница, туку и супранационалните структури како што е ЕУ, на пример"(Ацевски, 2009). И оваа колумна е потврда дека не е возможно кога се размислува за поимот идентитет да не се спомене и феноменот – проектот ЕУ. Прашањето за идентитет се доведува во врска со ЕУ, односно тоа длабоко навлегува во функционирањето на ЕУ, која во моментов е во криза. Барањето(од Грција) за променена на името и идентитетот, како хистерично барање да се избрише името и идентитетот на еден цел народ, без кој тешко ќе може да се замисли културно – цивилизациската сила на Европа, според авторот е „сериозен удар врз системот на вредностите"(кој е извор на фрустрации), од каде следува заклучокот дека станува збор за еден идеолошки привид, идеолошка слепост или пак за една „фашистичка идеологија" на ЕУ, која може да има далекусежни последици врз Република Македонија.

Како планираат да го одбранат идентитетот нашиве политичари и експерти, прашува Сашо Кокаланов, во колумната „Многу бранители, килав идентитет" (htpp://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=11F90D4E56D1A44A52B354D5AF50309). Авторот ги повикува и политичарите и експертите да објаснат „како тоа од спорот со Грција ќе излеземе со нечепнат идентитет, а при тоа веќе сме употребувале референца наместо меѓународно име, веќе сме прифатиле да размислуваме како ќе ни се транскрибира името на јазикот и веќе сме се помириле со географска одредница во името", што реферира на само-колонизирање и на понатамошно (де)конструирање на идентитетот.

Авторот, преку критички дискурс ни ги претставува и недостатоците од острата поларизација на два блока, која ја ограничува слободата на говорот и ги доведува медиумите во позиција да произведуваат само идеолошка реалност. Обвинува за девастацијата на моралните принципи, лиферувањето на невистини и декаденции на општеството, предводени од центарот на моќ и за неговата недоволната упатеност за значењето на поимот идентитет.

Затоа, авторот разочаран од тие што (треба да) нѐ предводат, им нуди дефиниција за (националниот) идентитет, и вели: „не е на одмет да се каже дека под национален идентитет во сите релевантни енциклопедии се подразбира сѐ она со што една поголема група луѓе која споделува исто чувство на припадност се идентификува" (Кокаланов, 2011). Предупредува да се престане со ширење на невистини, велејќи: „престанете со лагите за идентитетот и кога веќе нé дотуркавте до Северна Македонија, кажете барем како планирате да ја спасите придавката „македонски", бидејќи само на тој начин може да продолжиме јазикот, народот, традицијата, уметноста, фолклорот и сите други сег-

менти на нашата култура да ги нарекуваме македонски“ (Кокаланов, 2011).

Новинарскиот дискурс во весникот *Дневник* е исклучително критичен во духот на најдобрата новинарска традиција за улогата на печатот како чувар(и конструктор) на идентитетот, потикнувач на јавна дебата и промотор на стремежот за општество кое се темели на правичност, толеранција и солидарност. Една од тезите која се сретнува и аргументира во повеќето текстови во весникот *Дневник* е дека политичкиот естамблишмент во Македонија, всушност не сака приближување на земјата до ЕУ, а проблемот со името и идентитетот само се исползува како оправдување и маскирање на вистинските намери, земјата да остане далеку од европските текови. Авторите поставуваат прашања, нудат тешки аргументи, разговараат со факти, категоријално и логично, ги критикуваат актуелните состојби не само во ЕУ, туку и во Република Македонија, а толкувањето на спорот со името/идентитетот, редовно го сумираат во ставот дека тој е ирационален, бесмислен, неправеден и наметнат спор. Одговорот на клучното прашање колку нашите политички елити го разбираат вистинското значење на поимот идентитет, сè уште останува отворено, а дефинираниот идентитет е во согласност со релевантните светски парадигми(по однос на него). Тоа е идеалот кон кој треба да се стремат и одговорните за негово анимирање, зачувување и за негово ревидирање, кое смета на обновувањето на традиционалните етички и морални вредности. Дали обновувањето на традиционалните вредности ќе доведе до евентуално ревидирање и зајакнување и зачувување на македонскиот национален идентитет, останува времето да покаже?

## Анализа на дискурсот за поимот идентитет во весникот Нова Македонија

При статистичката анализа на текстовите(во кои експлицитно се употребува поимот идентитет), во весникот *Нова Македонија* се издвојуваат две теми. Од една страна поимот идентитет се употребува во текстови што(критички) дискутираат за вистината за задкулисните игрarии на владеачките идеологии и на Република Македонија и на Европската Унија, жестоко го бранат интересот на својот народ(и го форсираат есенцијалистичкиот/модернистичкиот концепт на идентитет), а од друга поимот идентитет се употребува во текстови кои шират катастрофизам и параноја како резултат на нудењето на алтернативни политики (решенија) за името и идентитетот, потпирајќи се на антиесенцијалистичкиот/постмодернистичкиот концепт на идентитет. Без разлика дали поимот идентитет се елаборира преку есенцијалистичкиот или антиесенцијалистичкиот концепт на идентитет, тој се користи како активно помагало во критичкиот дискурс како кон ЕУ, така и кон Владата на Република Македонија.

Парадигматичен пример на текстови што влегуваат во нерамноправна, но неопходна борба против гласилата и „експертите“ – лобисти, од странските пропаганди и имаат критички насочен дискурс кон политичките лидери и произведени трабант – експерти, новинари и интелектуалци, од кои се очекува да го спроведат лавовскиот дел на генетичкиот инженеринг врз Македонците е колумната на Мирка Велиновска „Името и идентитетот не може да се решаваат по закон на силеџии“

(http://www.novamakedonija.com.mk/News Detal. asp?vest=7991022158&id=9&setIzdanie=21733)

Авторката, преку дијахрониски пресек на случувањата на настаните од моментот кога Метју Нимиц го има превземено мандатот од Сајрус Венс во 1994 година, како посредник во разговорите за разликите околу името, па наваму, а во „последните 15 години не се помрдна ни јота од своето убедување дека, Македонија е територија населена со дефинирани Албанци и мнозинска безидентна маса и со оваа безидентна маса раководи раководство што може да се витка, крши, притиска, а богами и со кое може да се тргува" (Велиновска, 2013), ја обвинува Владата на Република Македонија, зашто сè уште му дозволува присуство на Нимиц на македонскиот простор, „кога преговорите за името максимално се проширени и посредникот Нимиц, одамна е излезен од рамката за преговори". Едновремено изразува и критички однос кон ЕУ, кон нејзините непринципиелности и двојни стандарди, кои се темелат на (не)разбирањето и (не)употребата на поимот идентитет, и како поим и како вредност. Проблемот настанува како резултат на дисенцијата помеѓу зборовите(поимот) и делата, бидејќи истиот тој посредник, од една страна вели дека, „никој во Атина и никој во светот не го негира идентитетот и јазикот на народот на оваа земја, а од друга дека, единствено постоеле некои прашања сврзани со идентитетот и јазикот".

Ваквата вештачки произведена ситуација, од страна на владата, не е засегната со (логичкото) прашање: ако спорот е за името(референцата) и ако со него не се опфатени името и јазикот, зошто на посредникот Нимиц, му е тешко да изговори Македонски народ, Македонци, македонски јазик?, па Велиновска заклучува дека: „оваа офанзива на негаторство од страна на индивидуи без човечки, етнички и професионален интегритет е историски пандан на балканските егзархисти, српски и грчки пропаганди од почетокот на 20 век и ја отсликува поразителната ситуација со македонската општествена елита, воспитувана, образувана во нашиот модерен образовен систем" (Велиновска, 2013). Имено, Дипломатскиот притисок од надвор, денес се претвора во неподнослива психолошка тортура на нацијата од внатре, која исто така не може да го одбие и медиумскиот терор, во изведба на партиски спонзоруши.

Понатаму, Велиновска, острината на критичкото перо ја искажува преку критички дискурс упатен и кон позицијата и кон опозицијата, кои иако се со две различни идеологии, сепак се едногласни во воведувањето на антимакедонска субверзивна активност на политичките елити, а како парадигматичен пример ја посочува тезата на Љупчо Георгиевски дека „Македонците се измислици на Коминтерната, па затоа немаат своја историја, јазик и култура, идентитет, па со тоа и корени". Ваквата ситуација внесува забуни, Македонија е пред вистинска судбинска крстосница, затоа Велиновска упатува препорака до македонската влада, велејќи: „Постојната влада, која полетно и оптимистички најавуваше преродба, мора токму сега, во услови на ресетирање на светската моќ, да излезе со недвосмислен став за иднината на безобразните преговори што ги деградираат меѓународното право и темелните човекови права".

Македонија мора да прерасне во политички субјект, без надворешен и внатрешен притисок и нема да даде согласност да заврши како безимена

територија, со што историски би се затворило поглавјето „Македонско прашање“, а политичкото водство во Македонија при донесувањето одлуки, едноставно мора да има на ум дека промената на името на државата е можна само во случај ако претходно тоа име било наметнато од некоја колонијална сила, а не обратно. Во обратен случај, како што вели Велиновска: „ќе настане стравотна трајна колективна девастација, која може да прерасне во сѐнешто, од неконтролирана експлозија на бес, масовни преселби, до организиран одмазнички терор на повеќе генерации, а секоја од овие очајнички реакции, нема да донесе ништо добро“ (Велиновска, 2013). Следи прашањето: Дали е ова визионерство на авторот или македонска судбина, бидејќи негирањето на македонскиот идентитет трае веќе два века?

Ставот на авторот е дека македонскиот народ е во најнесреќна положба на земјината полутопка, историјата не памети друг таков пример, кога еден ист народ по традиција, јазик и вера се разделува на разни спротивни страни, еден од друг потуѓи, а кога ќе се додаде кон ова и личната и имотната несигурност, „гнилата“ управа што од своја страна ја помага делбата и порокот на народот, може да се замисли каква мрачна слика претставува онаа Македонија, чиишто разни претеденти ја гледаат во неа, својата моќ и величина. Авторот е равенство на дежурен дневнополитички национален гласник на слободата на македонската мисла и акција во времето на најострата балканска криза околу Македонија, татковина што ја сакаме и кој има право да нѐ обвинува за тоа? И во оваа колумна, поимот идентитет често се употребува за критики на владеачката идеологија, официјалната политика во РМ, но и на ЕУ. Станува збор за спорот со името и членството на Република Македонија во ЕУ.

Така на пример, Ивица Боцевски во колумната „Прекин на преговорите“ (http://www. nova makedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=9131398376&id =138setIzdanie=2297), преку критички дискурс дебатира на три теми: влијанието на медиумите врз јавното мислење; врската име – македонската надворешна политика и нашите стратегиски определби за влез во ЕУ и во НАТО. Цитирајќи го Нимиц кој однеодамна (преку дадената изјава која, отвори многу сериозни дилеми) кажа дека: „Не е возможно да се испреговара заемно прифатливо решение за спорот за името“(Нимиц, 2013), вели дека „се отвора прашањето за влијанието на многу општествени интелектуалци, политичари и новинари во креење на јавното мислење“ (Боцевски, 2013). Низ медиумите проструеја пропаганди кои реферираат на низа шпекулации, тези и гласини, без никакво објаснување на лиферуваните факти, но неоспорно е дека фактите добиваат живот низ медиумите и како такви се апсорбираат од јавноста и ја имаат таа способност да извршат конструкција/деконструкција на нејзиното мислење. Охрабрувачки, Боцевски вели дека: „Јавното мислење во Република Македонија не само што не се промени туку дополнително се зацврсна, промената на името, онака како што тоа си го замислила Атина не доаѓа во предвид“, што значи дека никакви уцени, притисоци, остри дискурси, нема и неможат да се прифатат во замена за името.

Втората тема на која размислува е врската име – македонска надворешна политика, во смисла дека грчката политика го злоупотребува македонскиот стремеж за влез во ЕУ, негирајќи го македон-

скиот идентитет и македонската државност, а ЕУ ја брани грчката идеологија преку ставот: „Вие сте помали и сакате да влезете, па ќе мора да попуштите“, што би значело – да се супституираш себеси (промена на името и идентитетот), ако сакаш да опстанеш. Оттука, заклучокот на авторот дека: „Европската интеграција се обидува да се претвори во инструмент за негирање на македонската нација и на нејзината историја“(Боцевски, 2013), укажува дека, она што Боцевски го смета за непринципиелност и недемократичност на ЕУ, го илустрира во спорот за името и идентитетот. Затоа тој пропагира дека, крајно време е да се размислува за алтернативни политики за проблемот за името, кои би биле равенство на прекин на преговорите за името и прашува: „Зошто да продолжиме да разговараме за овој апсурден спор?“.

Третата тема на која размислува се нашите стратегиски определби за влез во ЕУ и во НАТО. Вели дека: „Македонија не смее да влезе во ЕУ и во НАТО, обезличена и со променет идентитет, на нашата нација најмалку и е потребна капитулација пред грчкиот шовинизам, па не гледам посебен проблем да останеме во овој статус кон ЕУ и НАТО“. Понатаму, авторот сугерира дека: „привремената спогодба и разговорите предвидени во овој меѓународен документ конечно не се единствена опција и алтернатива за македонската политика, ние треба да направиме чекор напред“(Боцевски, 2013), и упатува порака до сите нас „да направиме исчекор од ова динамично време, кое поттикнало низа епохални работи и настани, кои за жал сè уште го чекаат својот резултат“. Туѓите пропаганди се многу моќно оружје, тие го отуѓиле македонското национално чувство, ги направиле македонците туѓи на својата земја, на нивните територии, градови и села, па авторот вели дека: „процесот на националното освестување започнува со јасно декларираната национална свест на публиката/јавноста, а терминот Македонија и Македонци како ознака за територија и народ мора да биде повеќе од чест“(Боцевски, 2013). Дискурсот на авторот е стимулирачки, општо културен, лингвистички, педагошки, политички и револуционерно иницијативен, означувајќи го почетокот на новото, на македонистички ориентиран правец кон новата иднина.

Поимот идентитет е актуелен аргумент и за уште една тема, што ги полнеше македонските медиуми, проектот „Толковен речник“ и проектот „Македонската енциклопедија“, кој не ја доби својата завршница. Парадигматичен текст, што ја актуелизира проблематикава, но има и јасно изразен критички став кон Република Македонија е колумната на Мирка Велиновска „Поблиску ми е резонот на Исланд, отколку на Македонија“ (http://www.novamakedonija.com.mk/News Detal. asp?vest=101813916396&id=13&setIzdanie=2..)

Согласно насловот, авторката, поблиски ги чувствува размислувањата и дејствувањата на Исланд (отколку на Македонија), кој за разлика од Македонија нема проблеми со соседите, државата е признаена, а нашата сè уште е во фаза на оспорување и има проблем со политиката на ЕУ. Во балканските заемни односи Македонија и Македонците, според Велиновска, „секогаш биле монета за комшиски поткусур“ и вели: „само Македонците се оние што ќе решат дали ќе прифатат да бидат толку сурово уценувани или ќе изградат и водат политика на своја афирмација“(Велиновска, 2013), што би значело, македонската држава да работи во

полза на своите граѓани, да се фокусира посилно на проекти што ќе го зацврснат статусот на македонскиот јазик, како носечки столб на идентитетот.

Како парадигматични примери за добро афирмирање на македонскиот јазик, со што малициозноста се заборава и егоизмот се става на страна, Велиновска ни посочува низа одлични проекти, како што е проектот со преводот на Драги Михајловски на делата на Шекспир, поетот Богомил Ѓузел со преводот на делата на Марсел Пруст... Но, постои друг момент на кој Велиновска алудира, а тоа е забраната за слободата на говор, поврзана не се проектот „Толковен речник“, туку со проектот „Македонска енциилклопедија“ и вели: „со мала временска дистанца, јасно ли ви е сега до бога зошто се крена таква средновековна хистерија, божем заради политички причини? Ја препознавате ли денес манипулацијата?“

Со оглед на присутната политика и амбивалентниот политички дискурс, причината што Македонска енциклопедија остана без завршница беше да се попречи етаблирањето на македонскиот јазик, односно идентитет! Сигурно, објавувањето на Македонската енцииклопедија ќе го зацврснеше македонскиот јазик и идентитет, а според Велиновска: „Само 26 нации во светот објавиле енциклопедии на свој официјален јазик“, и ја напаѓа политиката на Република Македонија, велејќи: „Но државата малодушно остапи пред закани и уцени на домашните варвари предводени од двајца амбасадори“. Македонската енциклопедија сѐ уште ја чека својата завршница, тие што ја спречија нејзината публикација, не успеваат да не исфрлат од работниот ритам, па авторката се обидува да дејствува критички врз македонскиот нихилизам и сугерира дека кај што сме Македонците, таму е и македонската литература, јазик и идентитет. Имено, политиката си е политика, борбата за власт – легитимна политичка работа, но државата и нејзините интереси ни се заеднички.

Весникот *Нова Македонија,* идентитетот го врзува за јазикот, минатото, традицијата, историјата, нацијата, етникумот(кои се всушност и предзнакот на живеење во глобалниот свет), обележја/елементи кои треба да се покажат пред светската јавност и како (историски) факти и како чинители на македонската кауза и на континуитетот, и на самостојниот процес на формирањето на македонската нација. Не се задржува на елаборација на спорот, туку на начините на кои тој се решава (односно не се решава) и користи во дневно политички цели. *Нова Македонија* ги анализира, критикува, проблематизира актуелните состојби, во однос на тоа колку се блиску или далеку од зададениот идеал – македонски идентитет и јазик, со непречено владеење на слободата, демократијата и правната држава, сугерирајќи да го чуваме својот јазик, култура, идентитет, со што ќе го унапредуваме општеството, а со тоа и нашата позиција во него.

Следува прашањето/прашањата „Кој концепт на идентитет го форсираат медиумите?, Каков идентитет креираат медиумите? Дали е тој произлезен од традицијата и втемелен во современоста?, односно на кои точки се потпира македонскиот народ или се идентификува во желбата за остварување на посебноста на својот идентитет?“ Истражувањето покажува дека медиумите го форсираат есенцијалистичкиот концепт на идентитет, а како потпорна точка го сугерираат јазикот, кој сѐ уште се оспорува. Со оглед на тоа дека процесот на кон-

струирањето на македонската државност сè уште не е завршен, македонскиот идентитет сè уште е во криза(кризна состојба), односно е под постојан притисок на дестабилизација, останува отворено прашањето дали идентитетот треба некој да ни го даде или за него треба да се избориме?

## Заклучни согледби

Во трудов, поимот идентитет се проследи низ призмата на печатените медиуми, и резимирајќи, можеме да изведеме неколку општи заклучоци за третманот на поимот идентитет во двата весника:

- поимот идентитет се употребува од автори со различни политички, идеолошки и морални ставови (кои често ја пласираат етатистичката формула - разбивање на нашата духовна беда и мистификацијата кои сме, што нас нè одредува и каде пловиме);

- широката употреба на поимот идентитет, ја покажува неговата актуелност и го определува неговото значење во редица текстови, како цврсто врзовно ткиво на државата;

- поимот идентитет се употребува како интелектуален и политички аргумент што го надополнува критичкиот дискурс, кога станува збор и за ЕУ и за македонската влада.

Анализираниот материјал ни потврдува дека:

- и двата медиуми имаат нагласен интерес за поимот идентитет;

- обрнуваат речиси еднакво внимание на проблемот, и

- идентитетот го сметаат за една од најважните теми за македонската држава.

Медиумите ја нагласуваат потребата од актуелизација, на поимот идентитет, чија конструкција, содржина и значење(кое се менува со оглед на промените на категориите место, време, околности, кои се многу различни, културно и политичко – историски специфични), произлегува од актуелните потреби и од идејата како сакаме да видеме видени во иднина. Заради негирањето на македонскиот идентитет и неговата посебност од сите соседи со конкретни последици во сегашноста (забрана за членство во ЕУ и НАТО), медиумите го форсираат есенцијалистичкиот/модернистичкиот концепт на идентитет(кој успешно функционира во политичка пракса, и е логичка последица на хегемонистичката политика на идентитети). Идентитетот го поврзуваат со суштинските елементи на историското и човечкото искуство, со јазикот, минатото, нацијата, етницитетот, културата, историјата, традицијата, просторот, спомениците, односно тие и понатаму ги продолжуваат идеалите на АСНОМ, се залагаат и ги бранат вредностите кои се загрозени: македонската нација, име, јазик, култура, идентитет.

Мал број од текстовите знаат да отстапат од есенцијалистичкиот концепт на идентитет и ни укажуваат дека, мора да се одвратиме од идејата за чиста и потполна партикуларност. Влегувањето во заеднички простор на универзалните вредности и права за политичката групација, нужно значи и хибридизација на нејзините партикуларни идентитети. Хибридизацијата, воопшто не е маргинален феномен, туку се работи за терен на кој се конструираат современи политички идентитети, кои покажуваат склоност кон хибридност. Дел од текстовите се со ставот дека поимот универзално и концептот на единствени хомогени идентитети/есенцијализмот, повеќе не се актуелни, бидејќи идентитетот се разбира како место на размена и

тој повеќе не се набљудува како есенцијалистички тоналитет, единствен и хомоген идентитет, туку како бесконечен и никогаш недовршен(политички/медиумски) процес, кој ќе го подрива авторитетот на доминантниот владеачки дискурс.

Печатените медиуми *Дневник и Нова Македонија* се едни од најрелевантните печатени медиуми во нашава држава, симболи и носители на дневното информирање и се залагаат за објективно (и независно) информирање и зачувување на македонскиот национален идентитет, кој денеска, грчката политика не само што го негира, туку таа има и ексклузивно право да го присвојува. Ваквото ексклузивно право, ја создало мистификацијата што води кон конфликти и спорови, како што е билатералниот спор за името, спор што го попречува приемот на Македонија во ЕУ и НАТО.

За волја на вистината нашето општество е монолитно, со превласт на една партија која не дозволува демократизација на македонското општество (а демократијата подразбира слободно мислење и говорење/изразување, и секој има право јавно да си го каже/искаже својот личен став, одговорно и без страв), дијалог и слобода на говор. Слободата на говорот, како едно од елементите на отворениот субјект/идентитет, наспроти партизацијата на општеството и наметнатата контрола не само на медиумите, туку и на целото општество, во кое критиката од дома се анатемизира и сатанизира, а од надвор игнорира, би требало да доминира во медиумскиот дискурс.

Но, кај нас се случува апсурд. Слободата на говорот и исказот се сфаќаат буквално како можност за јавна демонстрација на не(до)едуцираност и вулгарна пропаганда. Наеднаш се наоѓаме во свет во кој демократијата станува контролирана анархија, а слободата се заменува со репресија, насилство и со забрани. Иако, Македонија е земја на Европскиот континент со антички корени, лулка на цивилизацијата и културата, процесот на демократизација и слобода на говор и понатаму е проблематичен. Медиумите сакаат да се отвораат пандорините кутии на многу наши недоразбирања, и нерешени национални прашања, но партијата (власта) сугерира што ќе се памети, а што ќе се заборави по следнава формула: „Ние партијата/Државата, Ви дозволуваме на Вас интелектуалците/медиумите непречено да дејствувате внатре во границите што ние ќе ви ги одредиме, а нашите услови се многу едноставни: „морате да се држите во рамки кои партијата Ви ги пропишала“ и „не е дозволено да го доведувате во прашање легитимитетот на режимот“.

Сето ова нè води кон заклучокот дека, медиумите се водечки ресурси за конструирање на идентитетски проекти, ресурси што ја снабдуваат заедницата со материјали за самоидентификација. Тие секогаш се дел од политиките, најчесто се во функција на спроведување на државната политика и реагираат на начин соодветен на доминантните дискурси.

## Литература

А) КИРИЛИЦА

[1] Андерсон, Бенедикт. *Замислени заедници*. Скопје: Култура, 1998.
[2] Андриќ-Патернаи, Кристина. *Името и прашањето на идентитетот во*
[3] *книжевната теорија*. Загреб: Аркзин, 2008.
[4] Бановиќ-Марковска, Ангелина. *Групен портрет*. Скопје: Магор, 2007.

[5] Бауман, Зигмунд. *Постмодерна етика.*, Скопје: Темплум, 2005.

[6] Брајдоти, Рози. „Идентитет, субјективитет и разлика", во: Стојменска-Елзесер, Соња. *Компаративна книжевност:хрестоматија,* Скопје: Евро-Балкан Пресс, Менора, 2007.

[7] Браун, К. *Минатото под прашање. Модерна Македонија и неизвесностите на*

[8] *нацијата*. Скопје: едиција Крстопати, ЕвроБалкан Пресс, 2010. .

[9] 7. Георгиевска-Јаковлева, Лорета. „Помеѓу утопијата и безнадежноста – културната транзиција во романот *Осмото светско чудо* од Јордан Плевнеш", во: Спектар, бр.50. Скопје: Институт за македонска литература, (2007): 53-61.. _ _ _. *Идентитет(и).* Скопје: Институт за македонска литература, 2012.

[10] _ _ _ . Културата и медиумите. Скопје: Книгоиздателство МИ-АН, 2014.

[11] Груевски, Томе. *Јавното информирање во Македонија.* Скопје: НИП „Студентски збор", 1991.

[12] _ _ _. *Историја на новинарството*. Скопје: НИП „Студентски збор", 1999.

[13] _ _ _ . *Теорија на новинарството*. Скопје: НИП „Студентски збор", 2000.

[14] Денерт, Штефан, Алфред Диболд. *Вредностите и политиката : ЕУ и Југоистокот на Европа* . Скопје: Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скопје, 2006. http://www.fes.org.mk/pdf/H.Zundhausen%20%20Postojat%20li%20evropski%20vrednosti.pdf

[15] Денерт, Штефан. „Европа проширена кон Југоисток - заедница на вредности?" во: Денерт, Штефан, Алфред Диболд. *Вредностите и политиката: ЕУ и Југоистокот на Европа.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скорје, 2006. 11. Дерида, Жак. *Другиот правец*. Скопје: Темплум, 2001.

[16] 12. Зундхаусен, Холм. „Враќање кон Европа? Југоисточна Европа помеѓу Западот и Истокот", во: Денерт Штефан, Алфред Диболд. *Вредностите и политиката: ЕУ и Југоистокот на Европа.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скопје, 2006.

[17] 13. ИНПРЕС. „Лулката на демократијата" – полигон на шовинизмот! [ Online ]. Available:

[18] http://www.inpress.com.mk/default.asp?ItemID=D248A6D4Ea249C4A812D02F0536D5477 [Accesed].

[19] 14. Крамариќ, Златко. *Идентитет, текст, нација*. Скопје: Табернакул, 2010.

[20] 15. Крамариќ, Златко, Ангелина Бановиќ-Марковска. *Политика. Култура. Идентитет (интеркултурален дијалог).* Скопје: Магор, 2012.

[21] 16. Левинас, Емануел. *Другачије од бивства или с ону страну бивствовања*.

[22] Никшиќ: Јасен, 1999.

[23] 17. Мојсиева-Гушева, Јасмина. „ Балканот и проблемите на идентитетот", во:

[24] Спектар, бр. 50, Скопје: Институт за македонска литература, (2007): 103-108.

[25] 18. Малуф, Амин. *Погубни идентитети*. Скопје: Матица Македонска, 2001.

[26] 19. Њиши, Армандо. *Компаративна книжевност*. Скопје: Магор, 2006.

[27] 20. Попоски, Зоран. *Простори на моќта*. Скопје: Темплум, 2009.

[28] 21. Саит, Едвард В. *Ориентализам*. Скопје: Магор, 2003.

[29] 22. Саркањац, Бранислав. *По свое*: (македонски катахрезис или како да се зборува за Македонија). Скопје: Макавеј, 2009.

[30] 23. Силјановска-Давкова, Гордана. „Човекот како слика водилка – Барања за етос, патос и логос", во: Денерт Штефан, Алфред Диболд. *Вредностите и политиката: ЕУ и Југоистокот на Европа.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт, Канцеларија Скопје, 2006.

[31] 24. Стојменска-Елзесер, Соња. *Компаративна книжевност*: хрестоматија;

[32] (Едиција хрестоматии Теории на Другоста). Скопје: ЕвроБалкан Пресс : Менора,

[33] 2007.

[34] 25. Тодорова, Марија. *Замисливајќи го Балканот*. Скопје: Магор, 2001.,

[35] 27. Угрешиќ, Дубравка. *Култура на лагата*. Скопје: Сигмапрес, 2011.

[36] 28. Фројд, Сигмунд. *Неугодното во културата*. Скопје: Магор, 2008,

[37] 29. Фуко, Мишел. *Надзор и казна*. Скопје: Слово, 2004а.

[38] - -. *Знаење и моќ.* Скопје: Слово, 2004б.
[39] - -. *Археологија на знаењето*, Скопје: Слово, 2010.
[40] 30. Хегел, Георг Вилхелм Фридрих. *Феноменологија на духот.* Скопје: Ѓурѓа, 1987.
[41] 31. Чакраворти Спивак, Гајатри. *Постколонијална критика.* Скопје: Темплум,
[42] 2003.
[43] 32. Шелева, Елизабета. *Дом / Идентитет.* Скопје: Магор, 2005.
[44] - -. *Домот на писмото.* Скопје: Магор, 2008.
[45] - -. „Ах, тие, Балканци", *Културолошки есеи.* Скопје: Магор, 2000.
[46] 33. Текстови(што го содржат поимот идентитет) во весникот *Дневник,* период 2009-2013 година. http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=......
[47] 34. Текстови (што го содржат поимот идентитет) во весникот *Нова Македонија*, пероид 2009-2013 година.
[48] http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=...

б) ЛАТИНИЦА

[1] Agabmen, Giorgio. *Homo sacer.* Zagreb: Arkzin, 2006.
[2] Anderson, Benedikt. *Nacija, zamisljena zaednica*. Zagreb: Skolska knjiga, 1983.
[3] Arent, Hana. *The origins of totalitarizam*. San Diego-New York-London: Harvest Book&Harcourt, 1976.
[4] Balibar, Etjen. *Mi gragani Evrope? Granice, drzava, narod*. Beograd: Beogradski krug, 2003.
[5] Beck, Ulric & Grande, Edgar. *Kosmopolitska Evropa: drustvo I politika u drugoj moderni*. Zagreb: Skolska kniga, 2006.
[6] Bilefeld, Ulrih. *Stranci – prijatelji ili neprijatelji*. Beograd: Biblioteka XX vek, 1998.
[7] Biti, Vladimir. *Doba svjedocenja. Tvorba identiteta u suvremenoj hrvatskoj prozi*. Zagreb: Matica hrvatske, 2005**.**
[8] Čepo, Dario. „Od nacionalnoga k supranacionalnom: europski identitet i Europska Unija". In: BUDAK, N. & KOTURANIC, V. (eds.) *Hrvatski nacionalni identitet u globalizirajucem svijetu.* Zagreb: Centar za demokratiju i pravo; Pravni fakultet Zagreb, 2010. 9.Chakravorti Spivak, Gajatri. *Kritika postkolonijalnog uma.* Beograd: Beogradski krug, 2003.
[9] Domenak, Zan Mari. *Evropa, kulturni izazov*., 1991.
[10] Eriksen, T. H. *Etnicitet i nacionalizam*. Beograd: Biblioteka XX vek, 2004.
[11] Fanon, Franc. *Prezreni na svetu*. Zagreb: Stvarnost, 1973.
[12] Gellner, Ernest. *Nacije i nacionalizam*. Novi Sad: Matica Srpska, 1997.
[13] Gramsci, Antonio. *The Prison Notebooks: Selections*. New York: International
[14] Publishers, 1971. Habermas, Jurgen. *Javno mnenje*. Beograd: Kulturta, 1969.
[15] - -. *Eseji o Europi.* Zagreb: Skolska knjiga, 2008.
[16] Hall, Stuart. „Kome treba identitet", U. D. Duda (уp.), Politika teorije. Zagreb: Disput,
[17] 2006.
[18] - -. Cultural Identity and Diaspora, Identity, Community, Culture, Difference. Ed.
[19] Jonathan Rutherford. London, 1990. Превземено од
[20] http://www.rlwclarke.net/theory/primarysources/hallculturalidentityanddiaspora.pdf
[21] Hastings, A. *Gradnja nacionaliteta*. Rijeka: Buybook, 2003.
[22] Hobsbaum, Erik. *Nacijai nacionalizmi od 1780. Program, mit, stvarnost*. Beograd: Filip Visnjic, 1996.
[23] Joas, Hans. „Die kulturellen Werte Europas. Eine Einleitung" , in: Ders. – klaus Wiegandt (Hg.): *Die kulturellen Werte Europas.* 2. Aufl. Frankfurt/M, 2005.
[24] Kagan, Robert. *Of Paradize and pover*. New York, 2003.
[25] Kundera, Milan. „Tragedija Srednje Evrope". In:Gordogan: casopis za knjizevnost I sva kulturna pitawa, god. 7, br. 17-18, Zagreb, 1985.
[26] Lacan, Jacques. *Cetiri temeljna pojma psihoanalize*. Zagreb: Napred, 1986.
[27] La Capra, D. *History, Politics and Novel*. London: Ithaca, 1987.
[28] Levinas, Emanuel. *Totalitet i beskonacno: Ogled o izvanjskosti*. Sarajevo: Veselin
[29] Maslesa, 1976.
[30] -. *Drukcije od bivstva ili s onu stranu bivstvovanja*. Niksic: Jasen,1999.
[31] Mikula, Maja. *Key concepts in cultural studies*. New York: Polgrave macmillan, 2008.
[32] Mocnik, R. *3 TEORIJE: Ideologija Nacija Institucija*. Beograd: CSUb, 2003.
[33] Morlej, David, K. Robins. *Spaces of identity : global media, electronic landskapes and cultural boundaries.* London: Routledge, London and New York, 1995.
[34] Mouffe, C. „For a Politics of Nomadic Identity", во: *Travеellers Tales: Narratives of Home and Displacement*, (прир.) G. Robertson et. al. London: Routledge, (1994) : 105-113.

[35] Oraic-Tolic, Dubravka. *Muska moderna i zenska moderna*. Zagreb: Ljevak, 2005.
[36] Ortega I Gaset, Hose. *Evropa i ideja nacija*. Beograd: Artist, 2003.
[37] Peternai-Andric, Kristina. *Jezicne igre, norme, odgovornost.* Quorum, br.5-6, (2009): 351-379.
[38] Prosev-Oliver, Borjana. *Egzil u Makedonskoj knjizevnosti*. Zagreb: Denona, 2010.
[39] Said, Edvard W.. *Kultura i imperijalizam.* Beograd: Beogradski krug, 2002.
[40] Smith, Antoni. *Nacionalni identitet*. Beograd: Biblioteka XX vek, 1998.
[41] Taylor, Ch. *The Malaise of Modernity*. Toronto: Anasi, 1991.
[42] Ďinič, Firdus. *Nauka o komuniciranju*. Beograd: Savremena administracija, 1978.
[43] Ďuverovič, Borisav. *Štampa megu elektronskim medijima*. Beograd: Ideje, 1980.
[44] Williams, Reymond. *Culture and Society 1780-1950*. London: Chatto & Windus, 1958.
[45] Wittgenstein, L. *Philosophische Untersuchungen*. Frankfurt: a/M, 1960.
[46] Žizek, Slavoj. *Metastaze oznacavanja*. Beograd: Biblioteka XX vek, 1996.